**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**
**Бр. 08-996/1**
**09.08.2022 ГОДИНА.**

Врз основа на член 39 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 14 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/2019 и 7/2020), донесувам:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на 16-та седница
## на Советот на Општина Крушево

СВИКУВАМ 16-та седница на Советот на Општина Крушево на ден 17.08.2022 година (среда) со почеток во 10,00 часот со следниот предлог:

-Разгледување и усвојување на записникот од 15-та седница одржана на 22.07.2022 година;

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог-Одлука за кофинансирање на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното културно богатство“;
2. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар;
3. Предлог-Одлука за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар;
4. Предлог-Одлука за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар;
5. Предлог-Одлука со која се утврдува да се донесе Урбанистичко Планска документација за усогласување на намената на земјиштетот во Општина Крушево;
6. Предлог-Решение за разрешување и именување на член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево;
7. Предлог-Решение за разрешување и именување на член на УО во домот на културата „Наум Наумовски-Борче“ Крушево;
8. Предлог-Решение за разрешување на член на УО на ЈП „Комуна“ Крушево;
9. Предлог-Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2022-2023 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче“ Крушево;
10. Предлог-Заклучок за давање согласност на Годишниот План за вработување на Општина Крушево за 2023 година;
11. Предлог-Заклучок за извештајот за работата на Полициска станица од општа надлежност Крушево за периодот од првото полугодие од 2022 година;
12. Предлог-Измена и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општин Крушево за 2022 година;

13. Предлог-Тарифник за определување на висината на надоместокот за користење на објктите за спорт сопственост на Општина Крушево;

14. Барања.

Седницата ќе се одржи во Горната училишна зграда.

**Совет на Општина Крушево**
**Претседател,**
**Андреј Николоски, с.р.**